ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ – СКОПЈЕ

Наш број 02-2657/1
Од 07.11.2025год.

Општина Ѓорче Петров - Скопје
Ул. „Ѓорче Петров“, бр. 22
1000 - Скопје

Тел. (02) 2044411; 2039 307
Тел. (02) 2033 471; 2059941
kontakt@opstinagpetrov.gov.mk
www.opstinagpetrov.gov.mk

**До**
**Членовите на советот на**
**Општина Ѓорче Петров**

Предмет: 2-ра седница на Совет

Врз основа на член 39 и 48 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23) и член 39 од Деловникот за работа на советот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.12/06), се донесува:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на Втората седница**
**на советот на Општина Ѓорче Петров**

Ја свикувам **Втората** седница на советот на Општина Ѓорче Петров.

Седницата ќе се одржи на ден **14.11.2025 година (петок)**, со почеток во **11:00 часот, во салата за состаноци на општина Ѓорче Петров.**

За седницата го предлагам следниот:

1. Предлог-Одлука за избор на Комисијата за финансирање, Буџет и Локален економски развој;

2. Предлог-Одлука за избор на Комисијата за Статут и прописи;

3. Предлог-Одлука за избор на Комисијата за образование, наука, здравствена, социјална заштита и заштита на децата;

4. Предлог-Одлука за избор на Комисијата за урбанизам и заштита на животната средина;

5. Предлог-Одлука за избор на Комисијата за комунални дејности, улици и патишта;

6. Предлог-Одлука за избор на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите;

7. Предлог-Одлука за избор на Комисијата за култура, спорт, млади, признанија и награди;

8. Предлог-Одлука за избор на Комисијата за меѓународна соработка и соработка со невладини организации, здруженија и фондации;

9. Предлог-Одлука за избор на членови на советот на општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месната канцеларија во општина Ѓорче Петров;

10. Предлог-Одлука за измени и дополнувања на Планот за развојни програми 2025-2027 година;

11. Предлог-Одлука за измени на Планот за развојни програми 2025-2027 година;

12. Предлог-Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2025 година;

13. Предлог-Одлука за измена и дополнување на буџетот (Трет Ребаланс) на Општина Ѓорче Петров за 2025 година.

Ве молиме за присуство на седницата, а во случај на спреченост известете на тел. 2039-307 лок. 2006, Одделение за нормативно-правни работи и работа со Совет.

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Изготвил:В.Николовска
Одобрил:Б.Стојанов